Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 08 - 180/9
01. 12 2020 год.
ВЕЛЕС

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOP
of Vardar planning region

Република Северна Македонија
Министерство за
локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

# Записник од Втора форумска сесија во рамките на Програмата „Регионални форуми во заедницата" во Вардарски плански регион

**Датум:** 26.11. -01.12.2020 г.**, Место:** електронски прашалник, **Час: /**
**Граѓани кои одговориле на прашалникот :**
**Учесници** на Вторaта форумска сесија се од 9 општини од Вардарскиот планки регион и тоа: Лозово, Велес, Неготино, Кавадарци, Градско, Свети Николе, Демир Капија, Чашка и Росоман Вкупно 58 од кои: жени: 34 и Мажи: 24 Ранливи групи: 3 (5.2%) (Социјално исклучена група)
**Модератор** : Игор Тасевски, **Ко-модератор** Татјана Темелковска

**Програма на електронска сесија** (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

**1**. Презентирање на целите на сесијата и осврт на претходната сесија. Преглед на претходната сесија и работата меѓу сесии.
**2.** Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот консултант - експертот
**3.** Презентација на начинот на рангирање. Рангирање електронски. Соопштување на резултатите.
4. Заклучоци

## Тек и содржина на сесијата

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

1. **Презентација на форумскиот процес**

Заради ескалирање на КОВИД 19 пандемијата и големиот број на заразени во Вардарскиот плански регион беше донесена одлука втората форумска сесија да се реализира со спроведување на електронски прашалник и зоом средба за презентација.

Најпрвин беше подготвен прашалник со ставен од 3 дела, 1 за анкетираните во прашалникот, 2 за коментари и сугестии за предложените концепти и 3 за рангирање на понудените концепти. Експертот после средбата со Советот на Вардарскиот плански регион, подготви резимиња на 3 предложени концепти. Тимот го подготви прашалникот и концептите. До сите лица (71) кои присуствуваа на Првиот форум им бепше испратен е-маил со линк до вториот прашалник, ојаснување за процеост и 3 предложени концепти. Им беше објаснето дека е од голема важност нивното вклучување и рангирање. Ко-модераторот имаше и телефонски разговор со сите учесници на кои ги информира за

испратениот e-mail и важноста на нивното вклучување. При доставувањето на прашалниците како и на претходниот форум – прашалник се внимаваше за родова рамноправност, еднаквост во застапувањето на општините и слично.

Спроведувањето на прашалнкот го реализираше тимот на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион заедно со модераторот и ко- модераторот. Имено на 71 граѓанин на e-mail им беше доставен прашалникот. При доставувањето на прашалникот се водеше грижа да бидат почитувани правилата за реализација на форумот пред се вкупниот број на учесници по општина, од сите чинители, не смее да надминува од 8-10 претставници. Потоа се внимаваше да се почитуваат и правилата како:

- Жените се претставени со најмалку 40% на работните маси;
- Најмалку 20% од присутните се млади;
- Учесници на регионалните форуми (помеѓу 50 и 70 зависно од големината на регионот) ќе бидат:
- Членови на Советите на Центрите за развој на планските региони;
- Претседателите на Советите и советници од ЕЛС во планскиот регион;
- Бизнис заедницата во регионот, претставена преку стопанските комори;
- Здруженијата на граѓани;
- Претставници на урбани/месни заедници по општина;
- Заинтересирани граѓани;
- Најмногу 2 претставници од секоја од Единиците на локалната самоуправа од регионот.

На почеток треба да се спомене дека имаше значителен интерес од лицата кои го добијаа прашалник 58 лица или 81.6% го одговорија. Еве ги карактеристиките на учесниците во истражувањето: 58,6 жени и 41,4 мажи.

Според возраста 19% - се на возраст од 18-30 години, 77,6% се на возраст од 30-60 години 3,6% , а на возраст над 60 години.

Според етничка припадност сите анкетирани се од македонска националност.

Според занимањето имаме различни учесници и тоа најмногу вработени во јавни институции – 70,7%, потоа ангажирани во граѓански сектор 10,3%, 6,9% во бизнис сектор, и другите се невработени, ученици/студенти, пензионери и др.

Само 5,2% од анкетираните мислеа дека припаѓаат на социјално исклучена група.

## 2. Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот консултант - експертот

Презентација на предлог концептите се состоеше од два дела. Прво заедно со линкот до прашалникот им беа испратени Резиме на концептите кој ги подготви експертот. Тоа се следните концепти:

**<u>Коцепт 1</u>**

**Проект:** Регионален Затворен градски пазар со деловен центар
**Општина**: Велес
**Опис на проектот:** Изградба на затворен пазар со деловен центар. Уредување на просторот според најсовремени стандарди на кој ќе може да се пласираат производи произведени од земјоделците од целиот регион па и пошироко. Исто така пазарот ќе биде атрактивен и за туристи кои патуваат по автопатот Е75 како и за граѓаните од Скопје каде цените на земјоделските производи се екстремно повисоки споредено со другите региони.
Во деловниот простор ќе се изнајмуваат канцеларии за компании од регионот а ќе се размисли и за организација на простор за обуки, иновации во земјоделие итн се со цел унапредување на земјоделското производство во целиот ВПР
**Корисници од проектот:** граѓаните од општина Велес и општините кои гравитираат околу Велес, земјоделците од целиот регион и пошироко, компании кои делуваат на територија на ВПР итн

**Бенефити:**
**зголемување на производство**
**привлекување туристи**
**пораст на продажба на услуги и добра**
**подигнување на квалитет на живот**

Евалуација од експертот: Проект со највисока акумулирана вредност од бенефити и највисок ранг во мултиваријантната матрица за донесување одлуки

**<u>Концепт 2</u>**

**Проект:** Поставување мерни станици за смарт земјоделство
**Општина**: Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија
**Опис на проектот:** Инсталација на систем за управување за земјоделско производство (сензори, софтвер за супервизија и систем за обебзедување услови како: влажност на земјата, минерали и витамини во земјата, детекција на болести итн). Бројот на мерните станици е еластичен во смисла на заинтересираност од општините, површината на земјоделското производство и секако е скалабилен во правец на ширење на сите општини дури и во други региони.
**Корисници од проектот:** земјоделците од 4 (5) општини но и целиот регион и пошироко, компании кои делуваат во областа на преработувачката индустрија на територија на ВПР итн

**Бенефити:**
**заштеда на гориво и амортизација**

**намалување на емисија на $CO_2$**
**привлекување на инвеститори**
**зголемување на производство**
**намалување на штети**
**привлекување туристи**
**пораст на продажба на услуги и добра**
**подигнување на квалитет на живот**

**Евалуација од експертот:** Втор ранг на проектот со највисока акумулирана вредност од бенефити и највисок ранг во мултиваријантната матрица за донесување одлуки

**<u>Концепт 3</u>**

**Проект:** Воспоставување на патна структура до:
Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево
Куќата на Коле Неделковски, с. Војница
Археолошкиот локалитет Билазора, с. Кнежје
**Општина**: Градско, Чашка, Лозово, (Свети Николе)
**Опис на проектот:** Средување на патната инфраструктура до туристички локалитети кои можат да привлечат и домашни но и странски туристи. Во моментов заради несредената патна инфраструктура, посетеноста е намалена. Покрај туризмот овие локалитети имаат и големо значење за културата, историјата и националниот идентитет на макеоднската држава
**Корисници од проектот:** граѓаните од 4те општини но, и граѓаните на цела држава

**Бенефити:**
**заштеда на гориво и амортизација**
**намалување на емисија на $CO_2$**
**привлекување туристи**
**пораст на продажба на услуги и добра**
**подигнување на квалитет на живот**

**Евалуација од експертот:** Овие проекти се сврстани во една група заради истата евалуација во однос на кост бенефит анализата како и мултиваријантната матрица.

По однос на концептите вклучените во прашалникот (58) дадоа свои сугестии и коментари за истите, кое експртот ќе ги има во предвид при подготовката на проектите. Предлозите од вклучените на 2 форум се следните:

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOP
of Vardar planning region

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Концепт 1

**"Регионален Затворен градски пазар со деловен центар"**

1. Концептот директно вклучува само 1 Општина, би можело со меморандум барем 1 просторија да ја користат сите Општини и НВО организации од регионот со посебно утврден ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ И Ф-ционирање
2. Vo ovoj proekt pozelno e da se vkluci i ureduvanje na pazarot vo Rosoman koj se naodja na patot Gradsko-Prilep i e od ogromno znacenje za zitelite na ovoj region, a istiot e poznat vo celata drzava.
3. Базирајќи се на сопствени проценки, овој проект според мене е со највисока важност и бенефит за регионот! Со иновативен концепт за вмрежување. Важен од социјален и исклучителен од економски аспект!
4. Не знам дали ќе може да се реализира ваков пазар зошто ако не се лажам таму имаше проблем со сопственоста на земјиштето кое што претходната локална власт го вратила на државата.Мин.тран. и врски.
5. Регионално не гледам поголемо позитивно влијание, освен за жителите на Велес и околните населени места, затоа што за набавка на свежи намирници не верувам дека некој ќе патува со километри.
6. Со оглед на тоа дека Велес не е земјоделски град, а се наоѓа речиси најсеверно на вардарскиот плански регион , сметам дека оваа локација би била подобра доколку се постави некаде централно.
7. Ако се изгради со поиновативен концепт (примери од Скандинавија, Германија, Сингапур) може да има пошироко значење и да прави поголеми приходи. Со стандарден пристап, и нема некое значење.
8. Овој концепт сметам дека нема регионално значење од причини што истиот би бил стациониран во Велес, а останатите општини немаат потреба да одат дотаму за да ги остварат своите потреби.
9. Уредување на градски пазар имаше и општина Неготино, а зошто не е влезен во приоритетите незнам, ако веќе зборуваме за од регионално значење
10. Ќе поттикне зголемување на квалитетотот и пакувањето на земјоделските производители кои би биле конкурентни и на другите пазари
11. значаен за Велес , жителите и руралните населени места Модернизација е потребан за добивање на епитет модерна урбана средина
12. Проектот може да придонесе за економски развој на регионот и да влијае позитивно на земјоделските производители и трговци

13. Мислам дека ова не е воопшто регионален проект и бенефит би имала само општина Велес.
14. За мене од Демир Капија тоа не ми претставува никакво значење.
15. Можеби и не е регионален, бидејќи повеќе е локален проект
16. Се што се направи се е убаво ако се имплементира.
17. Проект кој требаше да се реализира многу порано.
18. Одлична идеја за реализација на овој проект
19. сметам дека не е од регионален карактер
20. Сметам дека не е регинален проект.
21. Да, ја прифаќам начелно идејата.
22. нема регионално значење
23. немам коментар
24. Добар концепт
25. nemam

Концепт 2

**"Поставување мерни станици за смарт земјоделство"**

1. Овој концепт е многу важен за земјоделието во овој регион бидејќи поради климатските промени земјоделците моментално имаат потешкотии во одгледување на виновата лоза и сите други земјоделски гранки.
2. да се види одржливоста кој ќе упрвавува кој ќе работи , какви документи ќе издаваат на на земјоделците , законски можности и лабараторија ова го мали приватми фирми, земјоделски факултет ск штип
3. Намалување на трошоци за одгледување и заштита во земјоделието, зголемување на органското производство, намалување на трошоци за покривање на штети настанати од непогоди, на локално и на државно.
4. Овој концепт е одлична прилика за современ развој на земјоделството во регионот, следење на состојбата и намалување на загадувањето. Исто така ќе има значаен придонес и кон развој на економијата.
5. Овој концепт е од особено значење за Тиквешкиот регион кој има голем број на обработливи површини. Идејата за дигитализација во земјоделството е одлична, а сугестија имам за смарт апликација.
6. Покрам мерните станици нас ни е потребно и практчно воведување на нови технологии кои би се примениле на нашие полиња како би се справиле со климатските промени, вклучување на факултетите.

7. ОК за земјоделците, ако особено се внимава на обезбедување на финансирање за нивно одржување и начинот на кој ќе се известуваат земјоделците. Тука се кикснува во Македонија.
8. Предлогот е одличен и треба да ја добие поддршката. Проектот е регионален! Тој е соодветен за регион познат по земјоделското производство, кое треба да биде по стандарди.
9. Овој концепт е одличен за развој на современо земјоделство во регионот и развој на економијата како и намалување на загадувањето.
10. познавањето на составот на земјата (минерали, витамини, влага и др.) води до поголем принос и поздрави земјоделски култури
11. Za ovoj predlog mozam da kazam samo deka e besprekoren i ke bide i te kako korisen za zemjodelcite od celiot region.
12. За овој концепт давам зелено светло, но со малку скептицизам, колку ќе биде прифатено од нашите земјоделци?
13. Иновативен проект, но се ограничува на не толку голема група на корисници и бенефитори
14. ви ред но незнам дали насите земјотелци би се снасле со оваа апликација
15. Имајќи ги во предвид климатските промени овој проект е најприоритетен
16. Идејата е добра, но сум во дилема дали земјоделците би ја прифатиле.
17. По можност да се прошири и на опшините Лозовои Свети Николе
18. Многу важна компонента за земјоделски реон.
19. Idlicna ideja za podrska na zemjodelcite
20. добра идеја но малку разработен концепт
21. Немам коментар или сугестија за ова.
22. Да, ја прифаќам начелно идејата.
23. Odlicno za opstina negotino
24. Ќе го подобри земјоделието.
25. Да одличен проект
26. Добар концепт
27. Во ред
28. nemam
29. НЕМАМ
30. ///
31. da

Коцепт 3

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOP of Vardar planning region

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

**"Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје**

1. Со подобрување на патната структура до Манастир Св Архангел Михаил ќе се зголеми посетеноста на манастирот, како за верски празници така и за одмор и рекреација во објектите кои се наоѓаат во дворот.
2. Го поддржувам овој концепт и чинам дека позитивно ќе се одрази на регионот. Со оваа изградба на малку подзаборавените верски и културолошки објекти ќе се придонесе за развој на овој тип на туризам.
3. се подобрува квалитетот на живот во населените места, да се задрѓи населението , да ги рестарвираат своите огништа мештаните, можност за привлекување односно развој на , културно историски туризам
4. Не води кон економски развој. Многу повеќе има интерес за бајкерски и пешачки патеки кои ќе ги поврзуваат овие места, отколку класични асфалтни патишта. Ова се назадни предлози, треба понапредни.
5. Предлогот ќе придонесе кон подобрување на туристичката инфраструктура и развој на туризмот, подобрување на условите за живот и работа на населението и бизнисите што се во потег на овие правци.
6. Сметам дека е од огромно значење за Општина Градско но и за туризмот да се воспостави патна структура до Манастирот Св Архангел Михаил во село Долно Чичево.
7. Овој концепт е значаен за развој на патната инфраструктура, а воедно и на туризмот во регионот, преку поврзување на значајни места низ неколку општини.
8. Тука посебно патот за кнежје би нагласила дека треба да се направи оти ќе се заштеди време за патување на целата наша општина до свети николе.
9. Позитивен коментар,не е средена патната инфраструктура од кнежје до с.Ѓуземелци,ке се заштеди гориво,време и ке се привлечат повеќе туристи.
10. Da go zacuvame i dostojno da go pretstavime naseto istorisko bogatstvo i na toj nacin mozeme da doprineseme za razvoj na selskiot turizam.
11. Проект кој може да потикне рамномерен регионален развој, развоја на руралниот туризам и зачувување на македонското културно наследство.
12. Би било добро ако има можност да се направи и велосипедска патека,бидејќи има многу велосипедисти во регионот.
13. Концептот е добар за развој на туризмот со изградба на патна инфраструктура и поврзување на зналајни места.
14. Не гледам исклучителна важност и приоритизација на проектов, барем во контекст и целите на овој повик

15. Го подржувам овој концепт сметам дека е најдобар и нарегионален од сите останати.
16. Интересен пристап, прекрасна идеа да се вклучат повеќе Општини од ВПР
17. Одличен концепт со чија реализација ќе се развијат повеќе сектори
18. Да бидејќи културните знаменитости се запоставени во регионот
19. Да, ја прифаќам идејата за патна инфраструктура.
20. Одлично од туристички и културолошки аспект.
21. Добар концепт
22. Во ред
23. НЕМАМ
24. Убаво
25. Ок е

**3.Презентација на начинот на рангирање. Рангирање електронски. Соопштување на резултатите.**

Во Прашалникот, 3 дел, беше објаснет начинот на Рангирање. Односно бодувањето извршат со доделеување на најмногу 3 бодови на концептот кој сметате дека е најприоритетен за регионот 2 за следниот и 1 за тој кој сметате дека е помалку приоритетен.

После рангирањето во прашалникот ова се следните резултати:




**Листа на гласови:**

| Бр | Име на концепт | **Вкупно** | **1** | **2** | **3** |
|---|---|---|---|---|---|

| | | **Гласови** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | “Регионален Затворен градски пазар со деловен центар” | 103 | 29 | 13 | 16 |
| 2 | “Поставување мерни станици за смарт земјоделство” | 119 | 19 | 17 | 22 |
| 3 | "Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје“ | 126 | 10 | 28 | 20 |

**Листа на рангирани:**

| Бр | Име на концепт | **Гласови** | **Рангирање** |
|---|---|---|---|
| 1 | “Регионален Затворен градски пазар со деловен центар” | 103 | 3 |
| 2 | “Поставување мерни станици за смарт земјоделство” | 119 | 2 |
| 3 | "Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје | 126 | 1 |

**Рангирање**




Потоа беше организирана Zoom средба на која беа презентирани резултатите. Средбата се одржа на 1,12,2020 во 11,00 часот, а на неа присуствуваа 22 лица.

На средбата прво во името на Вардарски плански регион се обрати Татјана Темелковска, ги поздрави присутните и за започна средбата. Потоа и даде збор на експертот Весна Кузмановиќ која имаше своја презентација на која го презентира процесот и методологијата на подготовка на концептите, од средбите и состаноците по општината преку начинот на одрдување на вашност па до подготовката на истито.

После презентацијата на присутните им се обрати модераторот Игор Тасевски кој информира колку биле вклучени во правата сесија, а колку во пополнувањето на прашалникот. Потоа ги презентира фазите на форумскиот процес, односно на втората форумска сеисија:

- Втора сесија
  - **Цели на втората форумска сесија:**
- Да се презентираат и дискутираат концепт решенијата;
- Да се дадат препораки за подобрување на концепт решенијата;
- Да се информира форумот за процесот на работа помеѓу сесиите;
- Да се приоретизираат предложените концепт решенија на партиципативен начин.

  - **Резултати од сесијата:**
- Концепт решенијата се презентирани, дискутирани и дадени се препораки за подобрување;
- Приоретизирани се концепт решенија за поднесување до Советот на планскиот регион;

Потоа информира што се работело меѓу двете форумски сесии, односно за процесот на подготовка на 3 концепти.

Потоа информира за процесот на рангирање и ги прикажа резултатите од рангирањето на вклучениоте во втората форумска сеисја. Имано кажа дека нема голема разлика меѓу проектите дека има изедначеност меѓу гласовите, но сепак дека со најмногу бодови е проектот: "Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје" .

## Рангирање



Потоа продолжи форумот со дискусија. Имаше прашања за тоа кој учествувал во форумот, во делот на пополнувањето на прашалниците: Ко-модераторот и Модераторот инфорираа дека прво имало рамноправност односно договорен распоред на учесници по сите општини, имено секоја општина тебало да испрати 10 учесници со договорен распоред на јавни институции, локлана самоуправа, бизнис секотр, здруженија на граѓани и слично. На така добиениот распоред им биле испраќани покани и прашалници. Доколку имало недостаток од некоја општина тоа се правело со бирање по случаен избор на кого да биде дополнително испратено. Беа презентирани бројките од вклучените по пол, вработеност, и др.

**4.Заклучоци и препораки**

На крајот на средбата беше уште еднаш кажано дека експертот при подготовката на сите проекти ќе ги има во предвид сугестиите на форумот, и дека на Советот кој го има последниот збор при одлучувањето ќе му се каже како рангирал форумот. Присутните беа информирани дека ќе бидат информирани за резултатите од одлуката на Советот на Вардарскиот плански регион.

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список, Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

**Записничар:**
**Игор Тасевски – Модератор**

**Прилози-** Табела согласно активности по сесија

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| Р. бр. | Област | Предложено од | Рангиран/ избран | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Зајакнати потенцијали зарегионален развој преку вложување во инфраструктура | 31 | 1 | Избрани подобласти:<br>1. Инвестиции во патен сообраќај, регионален и локален<br>2. Инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот |
| 2 | Економски развој на регионот | 29 | 2 | Избрани подобласти:<br>1. Земјоделство, (полјоделство и сточарство)<br>2. Преработувачката индустрија |
| 3 | Заштита на животна средина | 17 | 3 | |
| 4 | Зајакнување на човечкитепотенцијали | 5 | 5 | |
| 5 | Задржување на младите во Регионот | 15 | 4 | |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија (сесија 1)

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање-предлог идеа | Препорачано од/до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Табела 2.2.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| Препорака -предлог идеа/концепт | Препорака за подобрување | Забелешка |
|---|---|---|
| “Регионален Затворен градски пазар со деловен центар” | Приложен документ со коменатри и препораки во Прашалник. Поголемиот дел се коментари за важноста на проектот за регионот како:<br>-Проектот може да придонесе за економски развој на регионот и да влијае позитивно на земјоделските производители и трговци.<br>-Регионално не гледам поголемо позитивно влијание, освен за жителите на Велес и околните населени места, затоа што за набавка на свежи намирници не верувам дека некој ќе патува со километри.<br>-Сметам дека не е регинален проект.<br>Некои од препораки за подобрување:<br>-Да се вклучи и пазарот во Росоман на патот Градско – Прилеп.<br>-Во пазарот да има просторија која би ја користеле и другите општини и НВО од другите општини.<br>-Друга локација поцентрално во регионот, | Документот е приложен заради големината и проблемот што моше да го направи во табелата |

| | | |
|---|---|---|
| "Поставување мерни станици за смарт земјоделство" | Приложен документ со коменатри и препораки во Прашалник. Поголемиот дел се коментари за важноста на проектот за регионот како:<br>-Намалување на трошоци за одгледување и заштита во земјоделието, зголемување на органското производство, намалување на трошоци за покривање на штети настанати од непогоди, на локално и на државно.<br>-Овој концепт е одлична прилика за современ развој на земјоделството во регионот, следење на состојбата и намалување на загадувањето. Исто така ќе има значаен придонес и кон развој на економијата<br>-Многу важна компонента за земјоделски реон.<br>- Иновативен проект, но се ограничува на не толку голема група на корисници и бенефитори<br><br>Некои од препораки за подобрување:<br>- Да се види одржливоста<br>-Да се внимава на обезбедување на финансирање за нивно одржување и начинот на кој ќе се известуваат земјоделците. | Документот е приложен заради големината и проблемот што моше да го направи во табелата |

| | | |
|---|---|---|
| | -По можност да се прошири и на опшините Лозово и Свети Николе | |
| "Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје" | Приложен документ со коменатри и препораки во Прашалник. Поголемиот дел се коментари за важноста на проектот за регионот како:<br>-Предлогот ќе придонесе кон подобрување на туристичката инфраструктура и развој на туризмот, подобрување на условите за живот и работа на населението и бизнисите што се во потег на овие правци.<br>- Овој концепт е значаен за развој на патната инфраструктура, а воедно и на туризмот во регионот, преку поврзување на значајни места низ неколку општини.<br>-Проект кој може да потикне рамномерен регионален развој, развоја на руралниот туризам и зачувување на македонското културно наследство.<br>- Не води кон економски развој. Многу повеќе има интерес за бајкерски и пешачки патеки кои ќе ги поврзуваат овие места, | Документот е приложен заради големината и проблемот што моше да го направи во табелата |

| | | |
|---|---|---|
| | отколку класични асфалтни патишта. Ова се назадни предлози, треба понапредни.<br><br>Некои од препораки за подобрување:<br>-Би било добро ако има можност да се направи и велосипедска патека, бидејќи има многу велосипедисти во регионот. | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија

| Р. бр. | Наслов на концептот | Носител/Партнер | Буџет (МКД) | Број на поени | Ранг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | "Регионален Затворен градски пазар со деловен центар" | Општина Велес | | 103 | 3 | |
| 2 | "Поставување мерни станици за смарт земјоделство" | Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија | | 119 | 2 | |
| 3 | "Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје" | Градско, Чашка, Лозово, (Свети Николе) | | 126 | 1 | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |